Уп. бр. 08-58

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Грацер Векселзајтиге Осигурително Акционерско Друштво со седиште на ул. Херенгасе бр. 18-20 Грац Австрија, преку адвокатско друштво Шошолчева Геровски и Партнери од Скопје, на седницата одржана на ден 26.06.2019 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. Се утврдува дека концентрацијата со која Грацер Векселзајтиге Осигурително Акционерско Друштво со седиште на ул. Херенгасе бр. 18-20 Грац Австрија, ќе стекне единствена контрола врз Друштво за осигурување Еуросиг Акционерско Друштво Скопје, со седиште на бул. Партизански одреди бр. 14 објект АУРА Бизнис центар Скопје, преку купопродажба на акции, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија" бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3. Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

До Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата) на ден 31.05.2019 година, а дополнето на ден 11.06.2019 година, согласно член 15 став 1 од Законот за заштита на конкуренцијата, Грацер Векселзајтиге Осигурително Акционерско Друштво со седиште на ул. Херенгасе бр. 18-20 Грац Австрија поднесе известување за концентрација со која Грацер Векселзајтиге Осигурително Акционерско Друштво ќе стекне единствена контрола врз Друштво за осигурување Еуросиг

Акционерско Друштво Скопје, со седиште на бул. Партизански одреди бр. 14 објект АУРА Бизнис центар Скопје, преку купопродажба на акции.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополнувањето и прилозите кон истото, го утврди следното:

**Грацер Векселзајтиге Осигурително Акционерско Друштво** е осигурително акционерско друштво од Грац, Австрија кое ги врши следните осигурителни работи и тоа: несреќа, каско на копнени возила (без шински возила), каско за авион, каско за возила за поморска, внатрешна и речна пловидба, транспорт на стока, пожар и елементарни штети, друга имотна штета, (град, мраз, кражба), одговорност за причинета штета на копнени возила со сопствен погон, одговорност за причинета штета на авиони, одговорност за причинета штета на возила за поморска, внатрешна и речна пловидба, општа одговорност за причинета штета, различни финансиски загуби, правна заштита, услуги за помош, живот, осигурување на брак и при раѓање, осигурување на живот поврзано со осигурување и врз основа на индекс, неживотно реосигурување и животно реосигурување.

Грацер Векселзајтиге Осигурително Акционерско Друштво е присутно во Република Северна Македонија на осигурителниот пазар преку зависното друштво (во целосна сопственост) Граве Осигурување АД Скопје, со седиште на ул. Пиринска бр. 23 Скопје, со приоритетна дејност осигурување на живот.

**Друштво за осигурување Еуросиг Акционерско Друштво, Скопје** е во целосна сопственост на INSIG SH. A, осигурително акционерско друштво од Албанија, кое нуди неживотно осигурување односно осигурување имот, осигурување моторни возила, здравстено патничко осигурување, осигурување од незгода, осигурување транспорт, осигурување одговорност од дејност, осигурување посеви и плодови.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот за заштита на конкуренцијата тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување**.**

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Д-р Владимир Наумовски**